ОПШТИНА БОСИЛОВО

# ПРОГРАМА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ

# ВО ОПШТИНА БОСИЛОВО ЗА 2021 ГОДИНА

**Босилово, Декември 2020 година**

# ПРОГРАМА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ ВО ОПШТИНА БОСИЛОВО ЗА 2021 ГОДИНА

Врз основа на член 19 од Законот за управување со отпадот („Сл.весник на РМ„ бр. 68/04...63/16) и член 21 од Статутот на општина Босилово („Сл. гласник на општина Босилово„ бр. 24/14), Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 25.12.2020 година донесе:

## ПРОГРАМА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ ВО ОПШТИНА БОСИЛОВО ЗА 2021 ГОДИНА

1. **Процена на видот и количеството на различните видови отпад**

   На територијата на општина Босилово не постои централна општинска депонија. Во населените места, каде што услугата за собирање и транспорт на отпад ја обезбедува јавното комунално претпријатие, отпадот се отстранува на санитарно технички неуредни локации или ѓубришта. Прифатилиштата за комунален отпад ги одржува ЈПКД „Огражден“ – Босилово со сопствена градежна механизација.

   Врз основа на Планот за управување со отпад, на територијата на општина Босилово за 2021 година се очекува да се создадат околу 2.500 тони комунален отпад. Од генерираниот отпад се очекува 75% од истиот да биде организирано собран, транспортиран и одложен на привремените прифатилишта за комунален отпад во населените места во општина Босилово од страна на ЈПКД „Огражден„ - Босилово.

   Составот на отпадот, односно учеството на поодделните фракции на комуналниот отпад не е анализирана од страна на ЈПКД "Огражден". Врз основа на предходно направените анализи за составот на комуналниот отпад, со примена на стандардизирани техники (методи), што беа пропишани во рамки на Националниот план за управување со отпад – Специјална студија за состав на отпад, беше утврдено учеството на секоја од поодделните фракции на комуналниот отпад.Процентуалниот состав на посебните фракции отпад се претпоставува дека ќе биде сличен со оној кој што е на национално ниво:

| Застапеност(%) | | Фракција |
|---|---|---|
| Органски отпад | 26,2% | |
| Дрво | 2,7% | |
| Хартија и картон | 11,6% | |
| Пластика | 9,7% | |

| | | |
|---|---|---|
| Стакло | 3,5% | |
| Текстил | 2,9% | |
| Метали | 2,6% | |
| Опасен отпад | 0,2% | |
| Композити | 2,2% | |
| Комплексни производи | 0,3% | |
| Инертен отпад | 3,6% | |
| Други категории | 3,6% | |
| Ситни делови | 30,9% | |
| **Вкупно** | **100%** | |

**2. Мерки / активности за реализација на барањата на Планот за управување со отпад на општина Босилово (2017 – 2022 година)**

- Селекција на отпадот, повторно користење и рециклирање;
- Создавање на услови за регионално управување со отпадот во Југоисточниот плански регион во кој спаѓа и општина Босилово, селекција на отпадот и негово рециклирање во регионалната депонија.
- Компостирање на биоразградливиот отпад;
- Се препорачува да се спроведе јавна кампања за домашното компостирање.

**3. Начин на работа на ЈПКД „Огражден„ – Босилово за отстранување на отпадот**

- ЈПКД „Огражден„ – Босилово и во 2021 година ќе продолжи да врши собирање на комуналниот отпад од населените места во општина Босилово со камион и трактор со приколка. Комуналниот отпад ќе се собира комплетно во десет населени места (физички и правни лица) додека во останатите населени места отпадот ќе се собира само од правни лица.

-Отпадот што се собира со трактор и приколка се депонира на прифатилиштата за комунален отпад што постојат во населените места во општината.

**4. Мерки и активности за селекција на отпадот, вклучувајќи го и издвојувањето на опасните состојки од отпадот**

Општина Босилово сеуште нема воведено селекција и селективно собирање на секундарни суровини, така што на територијата на општината сеуште не се превземаат активности за намалување на количините отпад до степен на неупотреблива вредност,

исклучиво наменети за депонирање. Сеуште, општ е впечатокот дека многу малку или воопшто не се практикуваат техниките за третман/преработка на отпад, како во рамки на општината, така и на ниво на целата територија на Република Македонија (не повеќе од 5-10 % од употребливите отпадни компоненти на комуналниот отпад се рециклираат). Тековната пракса покажува интензивно отстранување на отпад (со употребна вредност) по општинските депонии (прифатилишта), кои не задоволуваат минимални технички критериуми.

Вистинско решение за Општина Босилово претставува одлуката за нејзино придружување кон регионалниот пристап во интегрираното управување со отпад, односно прифаќање на концептот за регионална депонија, која ќе претставува централен објект, којшто задоволува минимум технички стандарди и на која отпадот ќе го отстрануваат десетте општини на Југоисточниот плански регион во Македонија.

Идејата е да се разработи систем, којшто ќе опфати прифаќање во најголем процент на комуналниот отпад, како и на комерцијалниот отпад.

Отварањето на оваа можност ќе допринесе кон целосно затворање на сите времени прифатилишта за комунален отпад (ѓубришта), кои ги користат локалните жители од сите населени места во општина Босилово.

Општина Босилово има преземено мерки за **<u>селектирање на отпадот</u>** кој содржи отпадни батерии како и мерки за селектирање на електричниот и електронскиот отпад.

Низ повеќе јавни објекти (зграда на о.Босилово, комунално претпријатие, училишни згради) има поставено мали канти за отпадни батерии.

Во општинскиот двор има поставено централен контејнер за електричен и електронски отпад каде сите граѓани од општина Босилово може да го депонираат ваквиот вид на отпад.

## 5. Мерки и активности за поттикнување на компостирањето на биоразградливиот отпад

Земајќи во предвид што речиси секое домаќинство во општина Босилово се занимава со земјоделска дејност и поседува поголеми или помали поседи обработливо земјиште на кои одгледува различни култури, особено се препорачува примена на биоразградливи техники во домашни услови. Во таа насока, општината треба да превземе активности за организацијата на информативни средби со локалното население, заради промовирање на техниките и придобивките од преработката на органскиот отпад. Прво основно правило е локалното население да стекне навика за селектирање на корисната биоразградлива компонента што претставува потенцијална суровина.

### <u>5.1 Јавна кампања</u>

За прифаќање на концептот за искористување на биоразградливиот отпад, се предвидува спроведување јавна кампања за подигање на јавната свест која што ќе

содржи: организирање на јавни презентации, подготовка на популарен материјал (лифлети,постери), информирање преку јавните медиуми, едукации на младата популација.

**6.Начините за едукација и за подигање на јавната свест на граѓаните во врска со управувањето на отпадот**

- Изработка на програма за подигање на јавна свест, која ќе содржи елементи на информирање на населението и едукација на неколку старосни категории од населението за соодветно управување со отпадот.
- Информирање и едукација на учениците за правилно постапување и селектирање на отпадот од отпадни батерии,
- Информирање и запознавање на индивидуалните домаќинства со селекцијата на електричниот и електронскиот отпад и негово депонирање во централниот контејнер за електронски и електричен отпад во кругот на општинската зграда.

**7. Реализација на обврските за намалување на количеството на биоразградливиот отпад што се отстранува на депониите**

Реализација на обврските за намалување на количеството на биоразградливиот отпад што се отстранува на депониите, ќе се спроведе низ едукација на населението за самостојно компостирање.

**8. Начинот на функционирање на интегрираната мрежа за преработка и за отстранување на отпадот**

До постигнување на капацитети за преработка на отпадот на регионалната депонија на територијата на општина Босилово ќе се превземат активности за подобрување на системот за отстранување на отпад од страна на ЈПКД „Огражден„ – Босилово со редовно подигање на комуналниот отпад.

**9.Други мерки од важност за реализација на Програмата за управување со отпад**

- Се планира обнова и зголемување на возниот парк (механизација) на ЈПКД „Огражден“-Босилово преку набавка на:
  1. Трактор
  2. Мулчар за косење на треви.

- Инвентаризација на бројот на дивите депонии и приближно определување на количините на депониран материјал.
- Расчистување на прифатилиштата за комунален отпад во населените места во општина Босилово со употреба на градежна механизација со цел создавање на простор за депонирање на нов отпад и пристап на возилата на општинското комунално претпријатие.

**Табела 1.** Активности за 2021 година за управување со отпад во општина Босилово

| **Акции од програмата** | **Активност** | **Вкупно проценети финансиски средства** |
|---|---|---|
| 1.Уредување на постојните прифатилишта за комунален отпад во населените места во општината – до профункционирање на регионална депонија | Обезбеден полесен пристап до прифатилишта за комунален отпад Расчистување, разбуткување и набивање на сметот на предметните локации, | 1. 000. 000, 00 денари |
| **Вкупно:** | | **1. 000. 000,00** |

Бр. 08-2520/1
25.12.2020 година
Босилово

Совет на општина Босилово
Претседател,
Ѓорги Аризанов